РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
Број 08-2943/1
4 ноември 2016 година
Скопје

# УПАТСТВО ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ЧЛЕН 78-а ОД ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК

## Рекламни паноа и билборди

### Член 1

Општините во Република Македонија, градот Скопје и правните лица кои стопанисуваат со рекламните паноа и билборди се должни во рок од пет дена од денот на распишување на изборите јавно да ги објават локациите и цените за закуп на рекламните паноа и билборди.

### Член 2

Локациите и цените за закуп на рекламните паноа и билборди се доставуваат и до Државната изборна комисија со цел спроведување на ждрепката.

### Член 3

Максималниот број на рекламни паноа и билборди кои може да се користат за политичко рекламирање изнесува 50% од вкупниот број на територијата на определена општина, градот Скопје, односно на територијата на кое определено правно лице стопанисува со истите.

### Член 4

Политичките партии имаат право на закуп за политичко рекламирање на рекламните паноа и билборди на транспарентен и недискриминаторски начин согласно со следните критериуми:

- 40% од вкупниот број се достапни на партиите на власта;
- 40% од вкупниот број се достапни на партиите во опозицијата во Собранието на Република Македонија;
- 10% од вкупниот број се достапни на парламентарните партии кои немаат пратенички групи во Собранието на Република Македонија и
- 10% од вкупниот број се достапни на вонпарламентарните партии во Република Македонија.

### Член 5

По истекот на рокот за доставување на локациите и ценовниците на рекламните паноа и билборди, Државната изборна комисија составува извештај за поднесените локации и цени на рекламни паноа и билборди кои се нудат за политичко рекламирање од страна на понудувачите и

истиот го објавува на сопствената веб страна, а по потврдувањето на кандидатските листи го доставува и до политичките партии кои имаат право на закуп на рекламните паноа и билборди.

**Член 6**

Ждрепката за доделување на локациите на рекламните паноа и билборди ја спроведува Државната изборна комисија на денот предвиден во Роковникот за извршување на изборните дејствија за спроведување на предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија на јавна седница.

**Член 7**

На седницата за спроведување на ждрепката се повикуваат претставници на Општините во Република Македонија, градот Скопје и правните лица кои стопанисуваат со рекламните паноа и билборди и поднеле локации и ценовници до Државната изборна комисија.

**Член 8**

На седницата за спроведување на ждрепката се повикуваат и претставници на политичките партии кои имаат право на закуп за политичко рекламирање на рекламни паноа и билборди.

**Постапка за ждрепка**

**Член 9**

Доставените пакети од секој од понудувачите се распределуваат согласно нивната понуда во една кутија согласно член 4 од ова упатство:

- Пакет 1 – 40% од локациите
- Пакет 2 - 40% од локациите
- Пакет 3 - 10% од локациите
- Пакет 4 - 10% од локациите

Во втората кутија се ставаат имињата на потврдените кандидатски листи од страна на Државната изборна комисија.

**Член 10**

Извлекувањето го врши претставник на општината, градот скопје или правното лице кое стопанисува со рекламните паноа и билбори и чија што понуда се распределува.

Доколку нема присутен претставник од понудувачите, извлекувањето го врши лице од стручната служба определено од страна на ДИК.

**Тек на постапка**

**Член 11**

(1) Во едната кутија се ставаат две ливчиња, на едното ливче е назначено „пакет 1", а на другото ливче „пакет 2" од понудите на секој понудувач посебно, а во другата кутија се ставаат две ливчиња на кои се напишани називите на кандидатските листи од партиите на власт и партиите во опозиција.

- Се пристапува кон извлекување на едно ливче од кутија со понудите на пакетите 1 и 2 и се утврдува кој пакет е извлечен, потоа се пристапува кон извлекување на ливче од втората кутија со називите на кандидатските листи.
- Извлечениот пакет од првата кутија се доделува на извлечената листа на кандидати од втората кутија.

(2) Во едната кутија се ставаат две ливчиња, на едното ливче е назначено „пакет 3", а на другото ливче „пакет 4" од понудите на секој понудувач посебно, а во другата кутија се ставаат две ливчиња на кои се напишани називите на кандидатските листи на парламентарните партии кои немаат пратенички групи во Собранието на Република Македонија и вонпарламентарните партии.

- Се пристапува кон извлекување на едно ливче од кутија со понудите на пакетите 3 и 4 и се утврдува кој пакет е извлечен, потоа се пристапува кон извлекување на ливче од втората кутија со називите на кандидатските листи.
- Извлечениот пакет од првата кутија се доделува на извлечената листа на кандидати од втората кутија.

(3) Оваа постапка се повторува онолку пати колку што има пристигнато понуди од Општините во Република Македонија, градот Скопје и правните лица кои стопанисуваат со рекламните паноа и билборди.

**Член 12**

За спроведената ждрепка се составува записник.

**Член 13**

Доколку некоја политичка или коалиција не го искористи вкупниот процент за закуп на рекламни паноа и билборди или локации, останатите политички партии имаат право на закуп на истите.

**Член 14**

Политичката партија или коалиција која нема да го искористи вкупниот процент за закуп на рекламни паноа и билборди или извлечените локации е должна да ја извести Државната изборна комисија во рок од 48 часа по одржување на ждрепката.

Државната изборна комисија во дополнителна постапка ќе ги распредели не искористените рекламни паноа и билборди или локации на останатите политички партии согласно член 78-а од Изборниот законик.

**Член 15**

Ова упатство влегува во сила со денот на донесување и се објавува на веб страната на Државната изборна комисија.

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Александар Чичаковски**

*Изработиле: Правна служба*
*Одобрил: Добре јанчев*
*Благоја Стојковски*